# ПОД БОРЧЕ СЕДИ БОЈАНА




I

Под борче седи Бојана,
во раце држи шарен ѓерѓеф.
На ѓерѓеф везе крпчиња
и тие пусти гаќници.
Кој ќе натфрли борчето,
тој ќе си земе момето.

II

Кој ќе натфрли борчето
со девет ока железо.
Сите ми редом фрлаа,
борчето не го натфрлија.
На крај се дедо обиде,
тој ми натфрли борчето.

III

Писна ми моме да плаче:
„Ох, леле мене до бога,
кому ќе давам крпчиња
и тие пусти гаќници.
Ајде бре дедо, стар дедо,
ајде ме продај на ергени."

Димчевски, Ѓорѓи. Седенка се збира. Скопје: Културно-просветна заедница на Скопје, 1986